Врз основа на член 31-б став (7) од Законот за средното образование ( „Службен весник на Република Македонија“ бр. 44/95, 24/96, 34/96, 35/97, 82/99, 29/02, 40/03, 42/03, 67/04, 55/05, 113/05, 35/06, 30/07, 49/07, 81/08, 92/08, 33/10, 116/10, 156/10, 18/11, 42/11, 51/11 6/12, 100/12, 24/13, 41/14, 116/14, 135/14, 10/15, 98/15, 145/15, 30/16, 127/16, 67/17 и 64/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 229/20 и 78/25), министерката за образование и наука донесе

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОБРАЗОВАНИЕ И НАУКА
MINISTRIA E ARSIMIT DHE SHKENCES
СКОПЈЕ - SHKUP
Бр./Nr. 13-5853/4
10.06 2025 год./viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## ПРАВИЛНИК

## ЗА НАЧИНОТ НА КАРИЕРНОТО СОВЕТУВАЊЕ И ИЗБОР НА КАРИЕРЕН СОВЕТНИК НА УЧЕНИЦИТЕ

### Член 1

Со овој правилник се утврдува начинот на кариерното советување и избор на кариерен советник на учениците.

### Начин на кариерно советување на учениците

### Член 2

Кариерниот советник во соработка со тимот за кариерно советување изработува годишна програма за кариерно советување, која е составен дел од годишната програма за работа на училиштето.

Програмата за кариерно советување треба да ги земе предвид и потребите на локалната заедница и пазарот на труд, согласно достапните податоци и информации.

Годишната програма за кариерно советување се објавува на огласната табла и/или на интернет страницата на училиштето.

### Спроведување на кариерното советување

### Член 3

Кариерниот советник го спроведува кариерното советување на следниот начин:

- соработува со тимот за кариерно советување,

- обезбедува квалитетни и ажурирани информации за можностите за кариерно насочување преку понатамошно образование и пристап на пазарот на труд,

-врши проценка за препознавање и соодветен одговор за потребите за кариерно советување и развој на секој ученик,

- води континуирана евиденција за индивидуалните совети и учеството на сите ученици во процесот на кариерното советување и насочување за понатамошно образование и/или пристап на пазарот на труд,

- дава насоки на наставниците за поврзување на наставните содржини со кариерното советување и истакнување на придобивките од стекнатите знаења и вештини со понатамошниот кариерен развој на учениците,

- соработува со работодавачите со цел запознавање на учениците со процесите на работењето, вработувањето и вештините потребни на одредено работното место,

- соработува со образовни установи и институции со цел насочување на учениците кон понатамошна образование,

- организира групно и индивидуално кариерно советување на учениците во соработка со работодавачите и образовните установи и институции,

- води индивидуален кариерен план на ученикот,

- организира обуки и работилници за кариерно планирање, спроведува тестови за самопроценка и развој на вештини, обезбедува информации за различни професии и образовни можности и помага на учениците да изработат лични кариерни планови,

- учество во работата на стручните органи на училиштето и помош во работата на ученичките организации и заедници,

- соработка со стручните органи на училиштето, соработка со родителите поединечно и преку родителските состаноци и

- организира „Денови на кариера“.

Следењето и евалуацијата на процесот на кариерно советување се спроведува преку употреба на структурирани алатки како што се прашалници, интервјуа, формулари за самопроцена, како и преку електронски платформи, каде што е применливо. Собраните информации ќе се користат за анализа, извештаи и идентификација на добри практики, со цел континуирано подобрување на програмата за кариерно советување и нејзино прилагодување кон потребите на учениците и училиштето.

Евиденцијата за учество на учениците во процесот на кариерно советување се води на образец даден во Прилог бр.1, кој е составен дел на овој правилник.

Индивидуалниот кариерен план на ученикот се пополнува на образец даден во Прилог бр. 2 кој е составен дел на овој правилник.

**Следење на понатамошниот кариерен пат на ученикот**

Член 4

Кариерниот советник, во соработка со класниот раководител и стручната служба на училиштето, врши следење на понатамошниот кариерен пат на ученикот во рок од шест месеци по завршување на средното образование.

Следењето се спроведува со цел прибирање информации за тоа дали ученикот:

– го продолжил образованието и на кој факултет или високошколска установа;
– се вработил и во кој сектор (јавен или приватен);
– е задоволен од својот избор на кариера и
– добил корисна поддршка од кариерното советување спроведено во училиштето.

Информациите од став 2 на овој член, се внесуваат во делот „Следење на понатамошен кариерен пат" од Индивидуалниот кариерен план на ученикот, кој е составен дел од Прилогот бр. 2 на овој правилник и служат за подобрување на кариерното советување и насочување на учениците во училиштето.

**Начинот на избор на кариерен советник**

Член 5

Кариерниот советник се избира од редот на наставниците во училиштето, вработени на неопределено работно време, кој го определува директорот на училиштето, на предлог на наставничкиот совет.

**Број на кариерни советници**

Член 6

Секое училиште има најмалку еден кариерен советник.

Основен критериум за бројот и ангажманот на кариерните советници е бројот на ученици во училиштето.

Бројот на кариерни советници се определува на следниот начин:

- во училиште во кое има до 350 ученици се избира еден кариерен советник со половина работно време,

- во училиште во кое има од 351 до 1000 ученици се избира еден кариерен советник со полно работно време и

- во училиште во кое има над 1000 ученици се избираат двајца кариерни советници со полно работно време.

Директорот на установата, согласно потребите за непречено реализирање на воспитно-образовниот процес и без предизвикување дополнителни финансиски импликации, може да изврши распределба на работниот ангажман и на повеќе кариерни советници, при што не смее да се надмине работното време утврдено во ставот (3) на овој член.

Во средните училишта каде наставата се реализира на повеќе од еден наставен јазик, директорот на училиштето врши правична и пропорционална распределба на работниот ангажман на кариерните советници, во согласност со застапеноста на наставните јазици. При тоа, на секој кариерен советник му се определува најмалку половина работно време од полното работно време, а вкупниот ангажман на сите кариерни советници не смее да го надмине работното време определено во ставот (3) од овој член.

**Услови за избор на кариерен советник**

Член 7

Кариерниот советник се избира од редот на наставниците вработени на неопределено време во училиштето, врз основа на претходно направена анализа на ниво на училиште, односно општина/град Скопје и без да се предизвика ново финансирање за наставен кадар.

За кариерен советник може да биде избран наставник кој ги исполнува следниве услови:

- да е вработен на неопределено работно време во училиштето или во друго училиште од истата општина, односно градот Скопје;
- да има завршено високо образование;
- да има најмалку пет години работно искуство како наставник и
- да има завршена обука за кариерен советник и поседува сертификати, потврди, односно уверенија за соодветни обуки.

Доколку наставникот не поседува сертификати, потврди, односно уверенија за соодветни обуки, обврзан е во рок од една година да посетува соодветни обуки и да се стекне со сертификати, потврди, односно уверенија.

**Извештај за работата**

Член 8

Решение за распоредување на наставникот на работно место кариерен советник на ученици го донесува директорот на училиштето, најдоцна три дена по добиениот предлог од наставнички совет на училиштето.

Кариерниот советник еднаш годишно доставува извештај за работата до директорот и наставничкиот совет.

Член 9

Овој правилник влегува во сила наредниот ден од денот на неговото донесување.

Министерка за образование и наука,

проф. д-р Весна Јаневска

Бр.

2025 година

Скопје

**Прилог бр. 1**

## Евиденција за учество на ученици во процесот на кариерно советување

| Ред.бр. | Име и презиме на ученикот | клас | Датум на учество | Вид на советување(инд./групно) | Краток опис на активноста | Кариерен советник |
|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | | | | | | |
| 2. | | | | | | |
| 3. | | | | | | |

*Оваа табела се пополнува и чува редовно од страна на кариерниот советник*

**Прилог бр. 2**

## Индивидуален кариерен план на ученикот

| Основни информации за ученикот | |
|---|---|
| име и презиме | |
| клас | |
| училиште | |
| контакт(тел./е-пошта) | |
| класен раководител | |
| **Самопроценка на ученикот** | |
| интереси, силни страни, вештини, вредности: | |
| | |
| | |
| | |
| **Кариерни цели на ученикот** | |
| силни страни: | |
| | |
| слаби страни: | |
| | |
| **Активности и поддршка** | |
| практична настава: | |
| | |
| советувања: | |
| | |
| посети: | |
| | |
| обуки: | |
| | |
| **Насочување кон понатамошно образование или вработување** | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| | |
| **Следење на понатамошен кариерен пат (шест месеци по завршување на средното образование)** | |
| Ученикот ја продолжи својата кариера: | |
| ☐ На пазарот на труд | |
| ☐ Со продолжување на образованието | |
| **Ако е вработен:** | |
| Назив на работното место: ______________________________ | |
| Име на работодавец: ______________________________ | |
| Дали сте задоволни од работното место? | |
| ☐ Да | |
| ☐ Делумно | |
| ☐ Не | |

| |
|---|
| Дали кариерното советување во училиштето ви помогна при одлуката и вработувањето? |
| ☐ Да |
| ☐ Делумно |
| **Ако продолжил со образование:** |
| Назив на високообразовната институција: ___________________________ |
| Студиска програма/Факултет: ________________________________________ |
| Дали сте задоволни од изборот на студии? |
| ☐ Да |
| ☐ Делумно |
| ☐ Не |
| Дали кариерното советување во училиштето ви помогна при изборот на студии? |
| ☐ Да |
| ☐ Делумно |

**Потпис на ученикот:** ______________________

**Потпис на кариерен советник:** ________________

**Датум на изработка:** _________________________